МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 26 став (3) од Законот за Централен регистар на население („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 275/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ УВИД ОД СТРАНА НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА ВО СВОИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СОДРЖАНИ ВО ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА НАСЕЛЕНИЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење увид од страна на физичките лица во своите лични податоци содржани во Централниот регистар на население (во натамошниот текст: Регистарот).

Член 2

(1) Увидот од страна на физичките лица во своите лични податоци содржани во Регистарот се врши електронски, автоматски или преку полномошник.

(2) Физичките лица остваруваат увид во своите лични податоци содржани во Регистарот врз основа на претходно поднесено барање за издавање потврда за личните податоци на субјектот содржани во Централниот регистар на население (во натамошниот текст: барањето).

(3) Барањето се поднесува до Министерството за дигитална трансформација непосредно преку Националниот портал за електронски услуги (во натамошниот текст: Порталот), или лично или преку полномошник преку Една точка за услуги.

(4) При поднесување на барањето преку Порталот се применува електронска идентификација со ниско ниво на сигурност.

(5) Ако физичкото лице врши увид во своите лични податоци содржани во Регистарот преку полномошник, потребно е полномошникот да приложи и полномошно.

(6) Од страна на Министерството за дигитална трансформација се издава потврда за лични податоци на субјектот на личните податоци содржани во Регистарот на субјектот на личните податоци (во натамошниот текст: потврдата).

(7) Кога барањето е поднесено непосредно од физичкото лице преку Порталот, потврдата се доставува на неговиот кориснички профил на Порталот, а кога барањето е поднесено лично или преку полномошник преку Една точка за услуги, потврдата се доставува во хартиена форма и на корисничкиот профил на физичкото лице на Порталот, а на негово барање и на неговата адреса за електронска пошта.

(8) Формата и содржината на барањето и потврдата се дадени во Прилог бр. 1 и бр.2, кои се составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на вршење увид од страна на физичките лица во своите лични податоци содржани во Централниот регистар на население („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67/20).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-2175/2
27 октомври 2026 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
Стефан Андоновски, с.р.

Прилог бр.1

БАРАЊЕ

за издавање на потврда за лични податоци на субјектот на личните податоци содржани во Централниот регистар на население

Јас, _____, од _____ со МБГ: _____ како субјект на личните податоци, барам да ми се издаде потврда за моите лични податоци кои се содржани во Централниот регистар на население.

Потврдата, освен на мојот кориснички профил на Порталот да ми биде доставена/издадена;

☐ на следната електронска адреса:

_____.

☐ во хартиена форма од посредникот во Една точка за услуги.

Датум и место на поднесување на барањето

_____

Подносител на барањето

_____

Прилог бр. 2

Потврда за лични податоци на субјектот на лични податоци содржани во Централниот регистар на население

Реден број	Вид на личен податок	Содржан личен податок		
1	Име			
2	Презиме			
3	МБГ			
4	Пол			
5	Датум на раѓање			
6	Место на раѓање			
	Држава			
	Општина			
	Населено место			
7	Лични документи	Лична карта	Пасош	Возачка дозвола
	Документ			
	Број на документ			
	Вид на документ			
	Датум на издавање на документот			
	Датум на важноста на документот			
	Статус на документот			
	Место на издавање на документот			
8	Мајка (МБГ)			
9	Татко (МБГ)			
10	Адреса на живеалиште			
	Општина			
	Населено место			
	Улица			
	број, влез, стан			
	Додаток на број			
11	Адреса на привремен престој			
	Општина			
	Населено место			
	Улица			
	број, влез, стан			
	Додаток на број			
12	Државјанство			
	Држава			
	Статус			
	Датум на почеток			
	Датум на престанок			
13	Брачен статус			
	Датум на брачен статус			
	Сопруг/а (МБГ)			
14	Смрт			
	Датум на смрт			
	Место на смрт			
	Држава			
	Општина			
	Населено место			